# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## ОГЛАС бр.03/2026
## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВА НА ПОНУДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Општина Илинден објавува Јавен повик за достава на понуди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Илинден, на дефинирана локација согласно Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Илинден донесена од Советот на општина Илинден под бр.08-760/6 од 27.03.2026 година (Сл.гласник на општина Илинден бр.3 од 02.04.2026 година).

Локацијата што е предмет на јавниот повик е со површина од 70 м$^2$ и со намена: храна и пијалоци, а ќе се издава за времетраење од 2 (две) години со можност за продолжување до уште една (1) година по претходно поднесено барање најдоцна 30 (триесет) дена пред истекот на рокот за кој е издадено Одобрението за поставување урабана опрема.

Составен дел на јавниот повик е Графичкиот приказ на локацијата кој што претставува дел од претходно наведената програма.

1. Почетна цена за поставување на урбана опрема на локацијата изнесува 8**,00 (осум) денари по м$^2$**.

1.1.Во почетната цена за издавање на локацијата не се содржани трошоците за комунална такса, одржување на хигиена, приклучок и трошок за електрична енергија.

1.2.Поставувањето на урбаната опрема ќе отпочне по добивање на Одобрение за поставување на урбана опрема, кое го издава Одделението за урбанизам, просторно планирање и градежно земјиште и Градоначалникот на Општина Илинден.

2. Обврски на понудувачот:

2.1.Да пристапи кон склучување на Договор за закуп во рок од 3 (три) дена од завршување на јавното наддавање пришто ако истиот се откаже од

2.2.На избраниот најповолен понудувач му се забранува изнајмување или пренесување на правото на користење на урбаната опрема односно просторот-локацијата на трети лица.

2.4.Со склучување на Договорот за закуп, закупецот се обврзува да го одржува парковското зеленило за период додека трае закупот.

2.5.Ако понудувачот се откаже од склучување на договорот тогаш Договорот за закуп ќе се склучи со следниот рангиран понудувач.

3. Доставување на понуди:

3.1.Право на учество на јавниот повик за поставување на урбана опрема има:

-Секое регистрирано правно лице кое со понудата ќе достави: Потврда за регистрирана дејност издадена од Централен регистар на РСМ (не постара од 6 месеци), Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ или соодветен документ-доказ дека припаѓа на соодветно здружение–(не постара од 6 месеци), Изјава за давање согласност за заштита на лични податоци (образецот е во прилог на повикот), Елаборат за поставување на урбана опрема кој ќе содржи графички прилози со решение за предвидената локацијата со 3Д прикази за објектот кој ќе се поставува.

-Секое физичко лице кое со понудата ќе достави: копија од лична карта, Изјава за давање согласност за заштита на лични податоци (образецот е во прилог на повикот, Елаборат за поставување на урбана опрема кој ќе содржи графички прилози со решение за предвидената локацијата со 3Д прикази за објектот кој ќе се поставува.

3.2.Понудите кои нема да бидат комплетни нема да учествуваат во јавното наддавање.

4. Начин на доставување понуда:

4.1.Понудата се доставува на унифициран образец кој може да се подигне на шалтери во Општина Илинден или на веб страната на Општина Илинден www.ilinden.gov.mk во затворен плик со назнака: „НЕ ОТВОРАЈ“ ОПШТИНА ИЛИНДЕН, Комисија за спроведување на оглас за прибирање понуди за издавање на простор за поставување на урбана опрема бр.01/2026 Ул.„9“ бр. 38, Општина Илинден.

4.2.Понудите треба да се достават во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавување на јавниот повик на веб страната на општина Илинден.

4.3.Понудите се доставуваат лично во Архивата на Општина Илинден (до 16 00 часот) или преку пошта.

4.4.Пример за адресирање на плик за достава на понуда:

4.5.Општина Илинден нема никаква одговорност за ненавремена достава на понудата.

| | |
|---|---|
| **"НЕ ОТВОРАЈ“**<br>„Да не се отвора пред<br>______________<br>Оглас бр.03/2026 | Општина Илинден<br>Комисија за спроведување на оглас за прибирање на понуди за издавање на простор за поставување на урбана опрема бр.02/2026<br>Ул.“9„ бр.38, Општина Илинден |

5. Јавно отворање на понудите и јавно наддавање:

5.1.Јавното отворање на понудите ќе се изврши во рок од 3 (три) денови по истекот на крајниот рок за доставување на понудите.

5.2.Јавното наддавање за предметната локација ќе трае 30 минути и ќе се одржи на тој начин што за најповолен понудувач ќе се смета оној кој понудил највисока почетна цена по м$^2$ на третиот повик и ако по третото повикување во рок од 3 (три) минути не се јави никој.

5.3.На јавното наддавање ќе земат учество само оние понудувачи кои ги исполниле условите предвидени во овој повик.

5.4.Наддавањето ќе се спроведе и ако има само еден понудувач кој понудил по утврдената почетна цена по метар квадратен и повеќе од утврдената почетна цена.

5.5.За денот и часот на јавното наддавање учесниците ќе бидат известени на адресата за електронска пошта наведена во нивната понуда.

5.6.Отворањето на доставените понуди ќе се врши јавно.

5.7.Предмет на јавното наддавање ќе биде највисоката понудена почетна цена по м$^2$ за предметната локација.

5.8.За успешно спроведена постапка за јавно наддавање треба да има најмалку едно постапно наддавање во износ 1,00 (еден) денари над највисоката доставена понуда по м$^2$.

Времетраење на јавен повик:

Јавниот повик ќе трае 15 (петнаесет) дена сметано од денот на неговото објавување на веб страната на Општина Илинден.

Арх.бр. 12-978/13

Дата: 04.06.2026 година

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
**м-р Александар Георгиевски**

Република Македонија Градоначалник Општина Илинден

Образец на понуда за

**ВРЗ ОСНОВА НА ОБЈАВЕНИОТ ОГЛАС ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ДОСТАВУВАМ**

# П О Н У Д А

**1. ОПШТ ДЕЛ**

1.1. Име на понудувачот:______________________________________________________________

(назив на правно лице според тековна состојба или име,татково име и презиме за физичко лице)

1.1. Контакт информации

Седиште/адреса: ____________________________________________________________

Телефон: ______________________________моб.телефон _

факс: ____________________________________________________________

Е-пошта: ____________________________________________________________

Лице за контакт: ______________________________________________________

1.2.Одговорно лице (управител) : ______________________________________________

1.3.Даночен број : ________________________________ ЕМБС__________________________________

1.4.ЕМБГ :_______________________________(за физичко лице)

**Во прилог на понудата доставувам:**

- За правни субјекти
  - Потврда за регистрирана дејност и тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ или соодветен документ-доказ дека припаѓа на соодветно здружение – (не постари од 6 месеци)
- За физички лица
  - Фотокопија од лична карта

**2. ФИНАНСОВА ПОНУДА**

| **Закупнина по м2** | **Вкупно по м2** |
|---|---|
| | |

Со зборови _ денари

(се внесува понуден износ период од _________________________

**Дата** **Подносител на понудата**

Образец на Изјава за давање согласност за заштита на лични податоци

# ИЗЈАВА

За давање на согласност за заштита на лични податоци

Јас ________________________________________________ (име и презиме) во согласност со одредбите на законот за заштита на личните податоци давам согласност Општина Илинден да може да ги користи, обработува и чува моите лични податоци кои ги имам доставено со поднесување на Понуда во врска со објавениот Јавен повик за достава на понуди за поставување на урбана опрема бр.________________ од ____________ година.

Дата

________________

Место

________________

Давател на изјава:

________________________

име и презиме

________________________

потпис


ул.